ЗМАИ

СТАТУТ
на ЗМАИ Скопје

ЗМАИ
Здружение за истражување и иновации

Скопје, 28.05.2024 година

10.7.2024

Врз основа на член 4, 6, 18, 23 и 25 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл. весник на РМ бр. 31/98), Собранието на Здружението ЗМАИ Скопје, на седницата одржана на 28.05.2024 година, донесе:

СТАТУТ

на ЗМАИ Скопје

ВОВЕД

Здружението за истражување и анализи ЗМАИ Скопје (во понатамошен текст: ЗМАИ) е здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања, како и заради вршење на дејности и активности со цел подобрување и унапредување на истражувачката заедница во Македонија.

ЗМАИ како здружение на граѓани своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за здруженија и фондации, со овој Статут како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

ЗМАИ има статус на правно граѓанско лице.

ЗМАИ дејствува и работи на територија на Република Северна Македонија, но остварува и широка меѓународна соработка.

Целите и задачите што ќи врши ЗМАИ се од јавен интерес за Република Северна Македонија. Работата на ЗМАИ е јавна.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со донесување на овој Статут се уредува работењето на Здружението ЗМАИ Скопје.

Член 2

Со Статутот на Здружението се уредуваат:

1. името и седиштето
2. целите на здружението и дејностите со кои се остваруваат
3. видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот и начинот на одлучување
4. застапување по закон
5. начинот на стекнување и располагање со средствата, донесување на финансиски и др. извештаи
6. начинот на остварување на јавност и отчетност во работата
7. начинот на донесување, изменување и дополнување на Статутот
8. начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението
9. знакот и симболот на здружението
10. внатрешни организациони форми
11. судир на интереси
12. начин на разрешување на спорни прашања
13. остварување на јавност во работата

1. ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО:

Член 3

Називот на здружението е: **Здружение за истражување и анализи ЗМАИ Скопје**
Скратен назив: **ЗМАИ Скопје**

Седиштето на ЗМАИ се наоѓа во Скопје, на ул. Железничка 2-7, 1000 Скопје, а се организира и делува на подрачјето на целата територија на Република Северна Македонија.

2. ЦЕЛИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И ДЕЈНОСТИТЕ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ

Член 4

Нашата мисија е да служиме како централна платформа за поддршка на економскиот развој преку иновативни решенија, споделување на знаење и воспоставување на национални и меѓународни партнерства.

Нашата визија е да се позиционираме како глобален катализатор и поддржувач на економскиот раст преку создавање најсовремени решенија, алатки и платформи за размена на знаење.

Општа цел на ЗМАИ е да го подобри општеството преку создавање и промоција на ефективни јавни политики за добро управување во јавниот и деловниот сектор, подобрување на квалитетот на образованието, развој на истражувачки дух помеѓу младите и унапредување на нивото на економските и финансиските знаења.

Посебните цели на Здружението се:

- Формирање и зајакнување на партнерства и соработки со локални и национални и меѓународни организации, бизниси и влади за групирање на знаење, експертиза и ресурси за унапредување на иницијативите за економски развој.
- Креирање на анализи, дисеминација на податоци и споделување на знаење преку истражувања, за информирање на јавноста за стратегии за економски развој преку најдобри практики базирани на докази.
- Зајакнување на финансиската едукација и писменост преку програми за стекнување на потребните вештини и знаења за донесување на финансиски одлуки, ефикасно менаџирање на ресурсите и учеството во економски активности.
- Поддршка и промоција на еколошки одржливи практики во рамките на иницијативите за економски развој, обезбедувајќи долгорочна еколошка рамнотежа и издржливост.
- Промоција на инклузивен економски раст преку намалување на економските диспаритети и обезбедување на еднаков пристап за сите, независно од пол, етничка припадност или социо-економско потекло.
- Создавање и развој на јавни политики базирани на факти од областа на доброто управување, јавни финансии, фискални политики и други сродни области;
- Стимулирање, поддршка, лобирање, менаџирање, имплементација и развој на слободните иницијативи на млади истражувачи и аналитичари;
- Стимулирање и поддршка на процесот на отворени податоци, транспарентност и отчетност на јавните институции;

Член 5

За остварување на статутарните цели, работата на Здружението се фокусира, но не е ограничена на следните тематски области:

- Добро управување и јавни финансии
- Образование
- Инвестициски анализи и советување
- Претприемништво
- Медиумска и финансиска писменост

Член 5а

Овие цели и задачи здружението ќе ги остварува со организирање на истражувачки проекти, семинари, обуки, трибини, конференции, саеми, издавање на публикации итн.

3. НАЧИНОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗАКЛУЧУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 6

Член на ЗМАИ може да биде секое заинтересирано физичко лице кое има соодветно образование и квалификации во областа на статистиката, економетријата, економијата и други сродни науки и дејности, како и сите вработени во Здружението.

Членувањето е доброволно, поединечно или колективно.

Членувањето може да биде постојано со што се стекнува право на учество во органите на структурата на ЗМАИ и привремено за спроведување на одредени иницијативи, активности и проекти.

ЗМАИ може да прогласи и почесни членови. Прогласувањето е со одлука на Управен одбор (УО) по предлог на Извршниот директор на ЗМАИ или на 3 членови на УО со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Разрешување на почесен член може да биде донесено по истиот принцип како и прогласувањето.

Член 7

Зачленувањето во ЗМАИ се врши со пополнување на електронска пристапница и приложување на документ за потребно завршеното образование.

Пристапувањето кон ЗМАИ се бележи во електронски регистар на членови кој семестрално подлежи на ревизија од страна на УО.

Член 8

Привременото членство може да биде максимум до 12 месеци, додека Постојаното е неограничено.

Член 9

Членството престанува со истек на времето предвидено за привремено членство, по сопствена иницијатива или со исклучување од ЗМАИ.

Член 10

Одлука за исклучување од членство во ЗМАИ може да донесе УО со двотретинско мнозинство или Собранието на предлог на Извршниот директор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

4. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 11

Членовите во Здружението ги имаат следните права

- да присуствуваат на состаноци;
- да земаат учество во спроведување на Програмата на активностите на Здружението;
- да добиваат надоместок за сработените задачи во рамки на Програмата на Здружението
- активно да учествуваат во органите на управување на Здружението

и следниве обврски:

- да постапуваат и делуваат согласно моралните принципи и начинот на работење на здружението
- доколку е воведена, редовно и навремено да ја плаќаат членаринатa;
- во целост да ги почитуваат внатрешните процедури и правни акти донесени од страна на Собранието и Управниот одбор

5. ВИДОТ НА ОРГАНИТЕ И НИВНИОТ СОСТАВ, НАЧИНОТ НА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ, ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ И НАЧИНОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ

Член 12

Со ЗМАИ, непосредно или преку свои претставници во органите, управува организирано членство.

Органи на ЗМАИ се:

1. **Собрание;**
2. **Управен Одбор;**
3. **Надзорен Одбор.**

Член 13

Со Здружението раководи Извршен директор кој го претставува и застапува Здружението во јавноста.

Извршниот директор е од редовите на постојаните членови на Здружението. Се избира по предлог на 1/5 од вкупниот број членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на постојани членови.

Мандатот на Извршниот директор трае 4 година со право на еден реизбор по завршување на првиот мандат.

1) Собрание:

Член 14

Собранието на ЗМАИ го сочинуваат сите физички и правни лица - членови на Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Со Собранието раководи Претседавач кој е од редовите на членови на Здружението, а е избран по предлог на Извршниот директор на Здружението со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Мандатот на Претседавачот трае 4 година со право на реизбор по завршување на првиот мандат.

Член 15

Седниците на Собрание ги свикува Претседавачот на Собранието, по предлог на Извршниот директор на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседавачот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Седница на Собранието за работата на Управниот одбор може да се свика и по предлог на Надзорниот Одбор.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

За одржување на седницата на Собранието потребно е да присуствуваат половина од вкупниот број на постојани членови.

Член 16

Собранието на ЗМАИ од редовите на своите постојани членови избира Управен одбор кој е управен орган на Собранието.

Изборот на членовите на Управниот одбор се врши на редовни или на вонредни седници на Собранието.

Член 17

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број постојани членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните постојани членови.

Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот на Здружението и врши измени и дополнувања на истиот;
- избира и разрешува членови на Извршниот и Надзорниот одбор;
- усвојува програмска ориентација за работа на Здружението за период од 4 години, операционализирано во годишните програми;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две собранија;
- ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Здружението;
- расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- решава за формирање на огранoци на Здружението
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

Начинот на одржување на Собранието може да биде со физичко присуство што подразбира да се организира собрание на кој ќе присуствуваат сите членови на едно место или хибриден настан со онлајн присуство што претставува комбинација на физичко присуство и виртуелно (онлајн) присуство и во овој случај дел од учесниците може да присуствуваат физички, додека други може да се приклучат преку онлајн платформа за видео конференција.

2) Управен одбор

Член 18

Управниот одбор на Здружението е управен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

Член 19

Управниот одбор на ЗМАИ брои најмногу 5 члена, од кои тројца се внатрешни, од редовите на постојаните членови, а двајца се надворешни лица кои не се дел од структурите на Здружението.

Управниот одбор може да биде конституиран и само со тројцата внатрешни членови.

Мандатот на членовите на Управен одбор трае 3 години.

Управниот одбор од своите редови избира Претседател.

Член 20

Во надлежност на Управен одбор е следното:

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- донесува и реализира годишна програма за работа;
- предлага измени и дополнување на Статутот;
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието и подготвува материјали;
- именува и разрешува оперативен директор на Здружението;
- донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;



- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;
- дава согласност на Правилникот за организацијата на работите и работните задачи на стручната служба на Здружението;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

Член 21

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Управниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Управниот одбор ја свикува Извршниот директор или Претседателот на Управниот одбор.

Предлог за свикување на Управниот одбор може да поднесе една половина од членовите на Одборот, една третина од постојаните членови на Собранието или по предлог на Надзорниот одбор.

Начинот на свикување на седницата и работењето на Управен одбор се уредува со Деловник за работа.

УО ги донесува своите одлуки со апсолутно мнозинство.

3) Надзорен одбор

Член 22

Заради извршување на статутарните и програмски задачи и одлуки на Собранието и Управниот одбор, Собранието формира Надзорен Одбор и други работни тела.

Надзорниот Одбор врши контрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола за наменско располагање со средствата и приходите на Здружението.

Своите наоди и одлуки Надзорниот Одбор ги доставува до Собранието и Управниот одбор на Здружението.

Надзорниот Одбор се среќава по потреба, но најмалку еднаш годишно.

Член 23

Надзорниот Одбор на ЗМАИ брои 2 члена. Еден од нив е член на ЗМАИ, а другиот е надворешен. Членовите на Надзорниот одбор се избираат по предлог на УО со мнозинство гласови од постојаните членови на Собранието

Мандатот на членовите на Надзорниот Одбор трае 4 години, со право на реизбор.

6.ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 24

ЗМАИ го претставува и застапува Извршниот директор на Здружението.

Права и должности на претставникот се:

- да избира и да биде биран во органите на Здружението;
- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и програмските активности;
- да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;
- да бара стручна и друга помош од областа;
- да склучува договори и спогодби во име и за сметка Здружението.



7. НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА, ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ И ДР. ИЗВЕШТАИ

Член 25

ЗМАИ остварува средства од:

-членарина;
-донации;
-грантови;
-проекти;
-провизии од органи, организации, заедници, од трговски друштва;
-и од други услуги (имотни права и сл.).

Член 26

Користењето и располагањето со средствата на ЗМАИ добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и позитивните законски норми.

Член 27

За користењето и располагањето со средствата одлучува УО по наредба на Извршниот директорот, согласно надлежностите утврдени со овој Статут. УО презема мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 28

ЗМАИ донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 24 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работата на Здружението и други расходи поврзани со работата.

8. НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 29

Работата на ЗМАИ е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на: членовите, други здруженија/НВО, или поширокатa јавност, за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работа на органите и телата на ЗМАИ, за материјално – финансиското работење и др.

За информирање на членовите и поширокатa јавност се користат печатените и електронските медиуми на територија на Република Северна Македонија.

9. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 30

Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Здружението донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 31

Здружението ќе престане со работа ако:

- за тоа одлучат членовите на Здружението,
- бројот на членовите се намали под бројот определен за основање,
- настапат причини утврдени во член 52 од Законот.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Член 32

По престанокот на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на основачите.

11. ЗНАКОТ И СИМБОЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 33

ЗМАИ има свој печат и штембил. Печатот е во округла форма. Во средина се наоѓа амблемот на ЗМАИ, горната половина го содржи целосното име на здружението: Здружение за истражување и анализи, а на долната половина е краткото името на здружението: ЗМАИ Скопје

Штембилот е во правоаголна форма, го содржи полното име на здружението на Македонски јазик, на долниот дел има место за дата и број на заверка.

12. ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ

Член 34

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението, се формира Стручна служба.

Член 35

Управниот одбор ги утврдува правата, обврските и одговорностите за работа на вработените во Стручната служба во согласност со законските норми и Статутот.

Извршниот директор раководи со Стручната служба на Здружението.

Управниот одбор, по потреба може да именува Оперативен директот кој наместо Извршниот директор ќе раководи со Стручната служба.

Член 36

Средствата за работа на стручната служба се определуваат со Финансиски план секоја година и тоа: средства за плати, средства за заедничка потрошувачка, средства за материјални трошоци, средства за посебна намена за нормално извршување на функцијата.

Член 37

Оперативниот директор го именува и разрешува Управниот одбор со мнозинство гласови.

Оперативниот директор правото од работен однос го остварува во Здружението, во Стручната служба, а за извршувањето на својата работа одговорен е пред Управниот одбор.

Член 38

Права, обврски и надлежности на Оперативниот директор:

-секретарот на стручната служба раководи со работата на стручната служба,

-секретарот е работоводен орган и ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи;

-секретарот е наредбодавец и потписник на сметката на Здружението;

-секретарот одговорен за извршувањето на Финансискиот план и Програмата за работа;

-се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Управниот одбор;

-во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на Здружението;

-се грижи за правилната примена на Законските прописи од областа на дејностите што ги врши Здружението.

13. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 39

Членовите на Надзорниот одбор, во времето на нивниот мандат во Здружението, не можат да бидат членови на други органи врз чија работа вршат надзор.

Вработените во Здружението не можат да бидат членови на Надзорниот одбор.

14. НАЧИН НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРНИ ПРАШАЊА

Член 40

Доколку дојде до спор внатре во здружението и помеѓу здружението и трети лица, истиот ќе биде разрешен по пат на спогодба. Во спротивно надлежен за решавање ќе биде Основен Суд Скопје II во Скопје.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 42

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на ЗМАИ, а помеѓу две собранија, Управен одбор на Здружението.

Член 43

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

Член 44

Овој Статут влегува во сила со денот на негово донесување.

Здружение за истражување на медиуми ЗМАИ Скопје

Извршен директор на ЗМАИ Скопје

Виктор Митевски

Централен регистар на Република Северна Македонија Скопје Регионална регистрациона канцеларија Скопје-Sp.6